

**Конвенционалното пчеларско** производство во основа имаше производство на што поголеми количини на мед и други пчелини производи притоа неводејки доволно сметка на изборот на локацијата на пчеларникот посебно на пчелината паша,околните загадувачи и т.н. Исто така се користат сатни основи кои се наоѓаат во трговијата и се со непроверен квалитет. Лековите кои се користат понекогаш дури и не се регистрирани. Шекерот што се користи за прихранување обично е со лош квалитет, Заштитата на сандуците се врши со хемиски бои а не се води сметка и за средствата што се користат за дезинфекција на приборот и т.н.